РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 12-2513/1
24-07-2026 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 35-тата седница одржана на 16.07.2025 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

Постапката по предметот со број 12-669/1 од 06.02.2025 година, оформен по доставена пријава со наводи за сомневање за незаконско постапување на директорот на СУГС /// – /// во врска со неисполнување на обврски од работен однос на вработени службени лица, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување по предметот - за предметниот случај веќе постапиле други надлежни органи – Државниот просветен инспекторат и Министерството за внатрешни работи.

Предметот со број 12-669/1 од 06.02.2025 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Од страна на непознат подносител, на ден 06.02.2025 година, поднесена е пријава со наводи за сомневање за незаконско постапување на директорот на СУГС /// – /// во врска со неисполнување на обврски од работен однос на вработени службени лица и оформен е предмет број 12-669/1 од 06.02.2025 година.
Наводите во пријавата се однесуваат на сомнежи за воздржување од преземање на дејствија од страна на директорот на СУГС /// – /// во врска со неисполнување на обврски од работен однос од страна на службените лица ///, /// и ///, вработени во СУГС /// – ///, за кои во пријавата е наведено дека примале плата иако во периодот од септември 2024 година до февруари 2025 година не доаѓале на работа. Во пријавата подносителот изразил и сомневање во однос на вршењето на евиденција во електронскиот дневник од страна на наведените лица во посочениот период.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Со цел проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба во пријавениот случај, ДКСК достави барања за доставување податоци и информации до Државниот инспекторат за труд, до Државниот просветен инспекторат, до Министерството за внатрешни работи и до Јавното обвинителство на Република Северна Македонија.

Од увидот во податоците, информациите и документацијата доставени како одговор на овие барања, утврдена е следната фактичка состојба:
При вонреден инспекциски надзор извршен од страна на Државниот просветен инспекторат над субјектот СУГС /// – /// на /// година и на /// година државните просветни инпектори констатирале дека службените лица ///, /// и /// имаат соодветно образование и дека во СУГС /// – /// се вработени на неопределено работно време со полн фонд на наставни часови.
Во однос на наводите кои се однесуваат на вршењето на евиденција во електронскиот дневник од страна на наведените лица во посочениот период, државните просветни инпектори констатирале дека овие лица во периодот по 01.09.2024 година биле најавени во е-дневникот на паралелките во кои предаваат. Сепак во однос на евиденцијата во е-дневникот, државните просветни инпектори утврдиле неправилности – отсуство на евиденција на наставни содржини и пропусти во оценувањето, и тоа:

- наставникот /// по 02.09.2024 година, заклучно со денот на надзорот, немал извршено евиденција на наставни содржини и не ги оценил сите ученици за крајот на третото тримесечие, за што државниот просветен инспектор констатирал дека е спротивно на член 74 став 4 од Законот за средното образование;
- наставникот /// по 02.09.2024 година, заклучно со денот на надзорот, немал извршено евиденција на наставни содржини и не ги оценил сите ученици за крајот на третото тримесечие, за што државниот просветен инспектор констатирал дека е спротивно на член 74 став 4 од Законот за средното образование;
- наставникот ///, во сите паралелки во кои предавал, имал евиденција на наставни содржини само во првото полугодие и првата недела од второто полугодие на учебната 2024/2025 година, за што државниот просветен инспектор констатирал дека е спротивно на член 74 став 4 од Законот за средното образование. Наставникот /// за крајот на првото полугодие и крајот на третото тромесечие ги оценил сите ученици во паралелките во кои предавал.

Во однос на констатираните неправилности, Државниот просветен инспекторат, согласно член 31 од Законот за просветната инспекција, донел Решение /// од /// година, со кое на правното лице СУГС /// – /// и на одговорното лице во ова правно

лице се наредува да преземе мерки и активности со цел надминување на констатираните неправилности и да постапи согласно член 113 став 1 алинеја 1 а во однос на член 74 став 4 од Законот за средното образование. Исто така, Државниот просветен инспекторат, согласно член 109-в став 3 од Законот за средното образование, издал: прекршочен платен налог за ///, одговорно лице во правното лице, прекршочен платен налог за физичкото лице ///, прекршочен платен налог за физичкото лице /// и прекршочен платен налог за физичкото лице ///. Лицата на кои биле издадени прекршочните платни налози во законски предвидениот рок ја платиле предвидената глоба.
При контролен инспекциски надзор на Државниот просветен инспекторат извршен на /// година со цел да се утврди дали констатираните неправилности за кои било донесено Решението /// од /// година биле отстранети, било констатирано дека училиштето презело мерки и активности за нивно отстранување и дека постапило согласно Решението /// од /// година.

Пријава со наводи кои се истоветни со наводите од пријавата врз чија основа е оформен предметот 12-669/1 од 06.02.2025 година била доставена и до Министерството за внатрешни работи, кое во врска со оваа пријава како и во врска со Известување на Државниот просветен инспекторат презело мерки и активности по што доставило известување до Основното јавно обвинителство ///.

Од горенаведеното, ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување по предметот - за предметниот случај веќе постапиле други надлежни органи – Државниот просветен инспекторат и Министерството за внатрешни работи, и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Претседател

Адем Чукиќ

Изработил: А.Р.М., советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил: З.Б., член на ДКСК

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk